**Известување за концентрација со која Алвин АГ, швајцарија ќе стекне контрола над Некст Лото ГмбХ Германија**

**(предмет бр. 08-138/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Алвин АГ (Allwyn AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, ќе стекне единствена контрола над Некст Лото ГмбХ (Next Lotto GmbH), со регистрирано седиште на адреса Рајхенауштрасе 39 А, 78467 Констанц, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Алвин АГ (Allwyn AG), е холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата (Allwyn Group). Алвин Групацијата е групација од областа на индустријата на игри, којашто своите деловни активности доминантно ги спроведува како мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави.

Алвин Групацијата (Allwyn Group) е дел од ККЦГ Групацијата (KKCG Group). ККЦГ Групацијата инвестира во повеќе бизнис области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на работење со терминали за видеолотарија и пазарот на информатичка технологија, и ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- АВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност Друго образование, неспоменато на друго место во класификацијата;
- МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје – во моментов неактивно друштво, кое претходно имало приоритетна дејност Компјутерско програмирање.

Некст Лото ГмбХ (Next Lotto GmbH е активно во областа на онлајн лотариски услуги во Германија, им овозможува на играчите да ги купуваат нивните билети за лотариски игри

онлајн, и им нуди одредени дополнителни услуги. Истотот нема зависни друштва во Република Северна Македонија и на ниту еден начин не е активно на пазарот во Република Северна Македонија.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира пазарот на продажба на тикети за лотарија во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.09.2026 година
Скопје